Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________

_______________

СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК
од 449-та ИТНА седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

Скопје, Јули 2023 година

Седницата се одржа на ден 10.07.2023 година, понеделник во 10:00 часот, во салата за седници.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, Претседател;
- **Ханиф Зендели**, Заменик претседател;
- **Мери Радевска**, член
- **Лорета Горгиева**, член;
- **м-р.Ивица Николовски**, член;
- **Весна Дамева**, член;
- **м-р.Миљазим Мустафа**, член;
- **м-р.Селим Адеми**, член;
- **Павлина Црвенковска**, член;
- **м-р.Тања Чачарова Илиевска**, член

Оправдано отсутни членови:

- **Мирсад Суроји**, член
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд *(уредно поканета)*;
- **Кренар Лога**, министер за правда *(уредно поканет)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, Генерален секретар;
- **Александра Шоптрајанова**, Технички секретар;
- **Владимир Станковиќ**, Државен советник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на медиуми.

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот **Сашко Георгиев**.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата, наведе дека се доставени материјали за работата на судовите во првиот квартал во 2023 година, па оттука е потребно Дневниот ред да се дополни со точка 3 - Разгледување на Извештај за работата на судовите во РСМ за првиот квартал во 2023 година, заради што го изложи предлог Дневниот ред за 449-та итна седница: 1. Донесување на Одлука за измена на Одлука за формирање на Комисија за спроведување на избори за членови на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите;2.Донесување на Одлука за заклучување на Судскиот изборен именик; 3.Разгледување Извештај за работата на судовите во РСМ за првиот квартал во 2023 година и 4.Разно.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** отвори дискусија за наведениот предлог Дневен ред. Откако никој не се јави за збор истиот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ иниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на Одлука за измена на Одлука за формирање на Комисија за спроведување на избори за членови на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите;
2. Донесување на Одлука за заклучување на Судскиот изборен именик
3. Разгледување на Извештајот за работата на судовите во РСМ за првиот квартал во 2023 година и
4. Разно

**Точка 1**

(Донесување на Одлука за измена на Одлука за формирање на Комисија за спроведување на избори за членови на Судскиот совет на РСМ)

По однос на точката 1 Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека на 448-та седницата на Советот одржана на 05.07.2023 година Судскиот совет на РСМ согласно член 14 став 1 и 2 од Законот за Судскиот совет на РСМ донесе одлука за формирање на Комисија за спроведување на избори за членови на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите и тоа во следниот состав: Субхи Јакупи, судија на Вишиот управен суд – Претседател на комисијата, Ненад Савевски, судија на Основен кривичен суд Скопје – Заменик претседател на комисијата, Влатко Самарџиски, судија – Член на комисијата, Кети Германова, судија – Заменик член на комисијата, Виолета Василева, адвокат од Скопје – Член на комисијата и Оливер Гашев, адвокат од Велес – Заменик член на комисијата. Со оглед на тоа дека истиот ден од страна на Лилјана Василева, адвокат од Скопје – Член на комисијата доставено е барање за изземање бидејќи била еден од основачите на адвокатската канцеларија во која што работела сестрата на кандидатот Антоанета Димовска и доставила барање до Адвокатската комора за нејзино изземање од оваа Комисија. На 06.07.2023 година од страна на Адвокатска комора на РСМ е доставен нов предлог така што за член на Комисијата се предлага Оливер Гашев, адвокат од Велес, кој претходно беше заменик член на комисијата, а за него заменик се определува Жана Кузмановска, адвокат од Скопје.

Потоа Претседателот на **Советот Сашко Георгиев** отвори расправа.

За збор се јави Членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** која наведе дека станува забор за номинација на член на Комисија од страна на редот на адвокатите од Адвокатската комора на РСМ, па оттука Советот не расправа по оваа точка туку само се констатираат предложените номинации.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Селим Адеми** кој наведе дека ја има истата забелешка.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** констатира дека на местото на Виолета Василева – Член на комисија сега ќе биде Оливер Гашев, адвокат од Велес, а за негов заменик Жана Кузмановска, адвокат од Скопје.

Поради наведеното Советот ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

Се врши измена и дополнување на одлуката за формирање на Комисија за спроведување на избори за членови на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите бр.02-1201/24 од 06.07.2023 година, така што во во став 1 точка 5 наместо Виолета Василева, адвокат од Скопје – член на Комисијата да стои Оливер Гашев, адвокат од Велес – член на комисијата, а во точка 6 наместо Оливер Гашев, адвокат од Велес – заменик член на комисијата, да стои Жана Кузмановска, адвокат од Скопје – заменик член на комисијата.

**Точка 2**

(Донесување на одлука за заклучување на Судскиот изборен именик)

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека согласно член 17 став 2 од Законот за Судскиот совет на РСМ, Судскиот совет на РСМ судскиот изборен именик го става на увид на судот на секој судија и секој судија има право по писмен пат да побара испреавка на податоците во истиот, па со оглед да има 2 барање од судии за исправка на податоците во Судскиот изборен именик и по истите е постапено, па согласно став 6 од член 17 од Законот за Судскиот совет на РСМ, Советот го заклучува Судскиот изборен именик и предлага да се донесе Одлука со која се заклучува Судскиот изборен именик.

По однос на точката 2 Заменик Претседателот на **Советот Сашко Георгиев** отвори расправа.

За збор се јави Членот на Советот **Мери Радевска** кој праша дали имало некое барање од судиите за исправка.

Генералниот секретар **Весна Толева** наведе дека имало 2 барања од технички аспект. Првото било за бројот на легитимацијата, истата била точна но имало пермутација во именикот и по истото е постапено, а за вториот се работело за едно презиме на судијата со оглед да истата имала 2 презимиња, за кое нешто судијата известила, но не беше внесено во именикот. По истото било постапено.

Потоа, Претседателот на **Советот Сашко Георгиев** предлогот го стави на галасање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ усвоен е предлогот и донесена е следната:

**О Д Л У К А**

СЕ ЗАКЛУЧУВА Судскиот изборен именик за избор на членови на Судскиот совет на РСМ од Врховниот суд на РСМ и од Апелационо подрачје Скопје и управните судови.

**Точка 3**

(Разгледување на Извештај за работата на судовите во РСМ за првиот квартал во 2023 година)

Претседателот на **Советот Сашко Георгиев** наведе дека согласно член 36 став 1 алинеја 14 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот е надлежен да ги разгледува и оценува три месечните годишни извештаи за работата на судовите и истите јавно ги објавува на својата ВЕБ страница, па со оглед да истите се изготвени им дава збор на известителите Мери Радевска и Павлина Црвенковска.

Членот на Советот **Мери Радевска** наведе дека извештајот и бил доставен 3-4 минути пред седницата, па со оглед на тоа дека фалат некои податоци, потребно ќе биде истите да ги обезбеди.

Поради тоа Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** и даде збор на Павлина Црвенковска.

Членот на Советот **Павлина Црвенковска** наведе дека материјалите се распоредени до сите членови па затоа ќе ги наведе само најбитните елементи. Доставени се извештаи за Апелациониот суд Скопје за првиот квартал. Ажурни се само Врховниот суд на РСМ и Основниот суд Велес, а неажурни се Апелационен суд Скопје, Основен суд Гевгелија, Основен суд Крива Паланка, Основен суд Неготино, Основен граѓански суд Скопје, Основен кривичен суд Скопје, Основен суд Кавадарци, Апелационен суд Гостивар, Основен суд Гостивар, Основен суд Дебар и Основен суд Кичево. Судовите од Апелационото подрачје Гостивар се неажурни, а од судовите на Апелационото подрачје Скопје ажурен е само Основниот суд Велес. Има детални податоци за пополнетост на судиски места, пополнетост на судски службеници, одржани расправаи, вкупен број предмети и сл. Согласно заклучоците од овој извештај судовите во месец Јануари 2023 година го започнале месецот со нерешени 108.454 предмети, примени во работа се нови 187.660, така што во работа имале 296.114 предмети. Од овие предмети решени се 163.519 предмети, останале нерешени 132.595 предмети. Во првиот квартал на ниво на држава судовите не успеале да го совладаат приливот на предмети и го зголемиле заостатокот за 24.141 предмет, така што работата на судовите се оценува како неажурна, со напомена дека не биле пристигнати податоци за Основниот суд Берово.

Потоа Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** отвори расправа.

За збор се јави Членот на Советот **Весна Дамева** која побара појаснување бидејќи смета дека има отстапување на податоците и тоа во Основниот кривичен суд Скопје по однос на тоа дека нема број на вкупно одржани расправи со тонско снимање односно 0. Имајќи во предвид дека судот расправите континуирано ги одржува со тонско снимање, во тие судници што се опремени, заради што бара потврда од известителот, а доколку е грешка бара потврда за другите податоци, бидејќи се работи за статистички податоци и истите се објавуваат на ВЕБ страната на Советот односно не треба да име грешки. На крај укажува за технички грешки со смисла на името на државата, па бидејќи истите јавно се објавуваат предлага да се вметне виастинското име на државата.

Членот на Советот **Павлина Црвенковска** наведе дека било точно тоа што во делот на тонско снимање е наведено 0, и најверојатно станува збор за техничка грешка при изготвување на извештајот, кое нешто ќе биде проверено со оригинал извештајот од судот.

За збор се јави Членот на Советот **Весна Дамева** која наведе дека ќе биде потребно да се проверат и останатите податоци бидејќи ако е констатирана една грешка, можеби настанале и други статистички грешки, па и тоа да биде дел од забелешка.

За збор се јави Членот на Советот **Селим Адеми** кој истакна дека во Основен суд Берово немало ниту судија, еден бил делегиран и тој е ВД Претседател, а нема ниту еден информатичар. До сега се потрудија од другите судови да дадат информатичар и проблемот за сега бил надминат. Тоа ќе се реши преку комуникација на претседателот на Основен суд Штип и ВД претседателот на Основен суд Берово за да се најде решение за изготвување на овие податоци.

За збор се јави Членот на Советот **Мери Радевска** која наведе дека ќе кажува поединечно за секој суд каде има промени во извештајот и каде ќе треба да се извршат исправки. Доставени се извештаи за Вишиот управен суд, Управниот суд, Апелациониот суд Битола и судовите од тоа апелационо подрачје, Апелациониот суд Штип и судовите од тоа апелационо подрачје. За Основниот Берово нема никакви податоци, ниту во писмена форма ниту електронски, за кое нешто било побарано од ВД Претседателот, но не биле доставени податоци. Судот бидејќи располага со уписници може податоците да ги достави рачно прибавени во писмена форма. Сите судови на Апелационото подрачје Штип, освен Основен суд Радовиш се неажурни. Вишиот управен суд не е ажурен односно во извештајот по грешка било наведено дека е ажурен, а по грешка во извештајот било напишано дека Управниот суд е неажурен бидејќи истиот е ажурен. Сите судови од апелационото подрачје Битола не се ажурни.

Вишиот управен суд по систематизацијата треба да има 13 судии, а биле пополнети 8 судски места. Пополнетоста на судски службеници е само 25,35%. Нема податоци за тонско снимање. Судот го зголемил заостатокот за 239 предмети.

Управниот суд од систематизирани 33 судиски места, пополнети се 28. На 1 судија му мирува работното место, што значи постапувале 27 судии. Пополнетоста на судски службеници е 50,29%. Во првиот квартал го намалиле заостатокот за 337 предмети и е ажурен суд.

Апелациониот суд Битола од систематизирани 25 судиски места, пополнети се 15. Пополнетост на судски службеници е 41,12%. Го зголемиле заостатокот на предмети за 68 што е незначително, но се води како неажурен.

Основен суд Битола од 25 судиски места пополнети се 14. На 2 судии им мирува работното место. Постапувале 12 судии. Пополнетост на судски службеници е 48,15%. Го зголемиле заостатокот на 1.474 предмети и заради тоа се води како неажурен.

Во Основен суд Крушево има делегирано судија од Основен суд Битола, други судии во судот нема. Истиот постапува и како ВД Претседател. Пополнетост на судски службеници е 53,85%. Еден судија го зголемил заостатокот само за 49 предмети, што е за пофалба бидејќи еден судија успеал приливот во таа мера да го совлада. Судот се води како неажурен.

Основниот суд Охрид од предвидени 18 судиски места, пополнети се 12. Пополнетост на судски службеници е 46,02%. Го зголемил заостатокот на предмети за 173 и истиот е неажурен.

Во Основниот суд Прилеп по систематизација се 18 судиски места, а пополнети се 5, а 1 судија е делегиран во судот односно постапувале 6 судии во овој период. Пополнетост на судски службеници е 64,66%. Го зголемил заостатокот за 821 предмет, што е за пофалба бидејќи со толку малку судии скоро да го соваладале приливот на предмети, но сепак е неажурен суд.

Во Основен суд Ресен од систематизирани 4 судиски места, пополнети се 3, меѓутоа постапувал 1, бидејќи 1 е делегиран во Основен суд Прилеп. Пополнетост на судски службеници е 40,54%. Заостатокот на предмети е зголемен за 484, што значи дека е неажурен суд.

Во Основниот суд Струга се предвидени 15 судски места, пополнети се 5. Еден судија е делегиран во судот така што постапувале 6 судии. Пополнетост на судски службеници е 40,83%. Заостатокот на предмети е зголемен за 269, што значи дека е неажурен суд. Со оглед на бројот на судии кои постапувале, истите се залагале да постигнат резултати.

Во Апелациониот суд Штип од предвидени 16 судски места, пополнети се 9. Пополнетост на судски службеници е 49,65%. Заостатокот на предмети е зголемен за 102, што значи дека е неажурен суд.

Во Основен суд Виница од предвидени 3 судиски места, пополнето е 1. Има претседател избран од друг суд, што значи постапувале 2 судии. Пополнетост на судски службеници е 32,43%. Заостатокот на предмети е зголемен за 8, што е незначително бидејќи 2-та судии постапуваат и се залагаат да го надминат приливот на предмети, но сепак судот е неажурен.

Во Основен суд Делчево од предвидени 4 судиски места, пополнето е 1. Пополнетост на судски службеници е 58,82%. Заостатокот на предмети е зголемен за 83, што значи дека е неажурен суд. Едниот судија кој работи во судот е за пофалба бидејќи се залага за решавање на предметите.

Во Основен суд Кочани од предвидените 10 судиски места, пополнети се 8, па со оглед на тоа дека 2 судии се делегирани, постапувале 6 судии. Пополнетост на судски службеници е 43,37%. Заостатокот на предмети е

зголемен за 217, што значи дека е неажурен суд. Едниот судија кој работи во судот е за пофалба бидејќи се залага за решавање на предметите.

Во Основен суд Радовиш од предвидените 6 судиски места, пополнети се 2. Пополнетост на судски службеници е 52,27%. Заостатокот на предмети е намален за 77. Судот е ажурен.

Во Основен суд Свети Николе од предвидените 4 судиски места, пополнети се 2. Пополнетост на судски службеници е 36,84%. Заостатокот на предмети е зголемен за 120, што значи дека е неажурен суд.

Во Основен суд Струмица по систематизација се предвидени 20 судиски места, а пополнети се 10. На 1 судија му мирува функцијата, што значи постапувале 9 судии. Пополнетост на судски службеници е 47,93%. Заостатокот на предмети е зголемен за 378, што значи дека е неажурен суд.

Во Основен суд Штип од предвидените 19 судиски места, а пополнети се 13. На 1 судија му мирува функцијата, што значи постапувале 12 судии. Пополнетост на судски службеници е 47,97%. Заостатокот на предмети е зголемен за 306, што значи дека е неажурен суд.

Вкупно во првиот квартал во 2023 година во сите судови во Република Северна Македонија месец Јануари го започнале со 108.454 предмети, ново примени предмети се 187.660 односно во работа биле 296.114 предмети, а решение се 163.519 предмети. Останале нерешени 132.595 предмети. Судовите не успеале да го совладаат приливот на предмети во првиот квартал и зголелемен е застатокот за 24.141 предмет. Во првиот квартал од 2023 година на ниво на државата работата на судовите е оценета како неажурна.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** и наведе дека во уводниот дел од извештајот кој беше презентиран, во првата алинеја, наместо член 31 треба да стои член 36 став 1 алинеја 14 од Законот за Судскиот совет на РСМ. Во однос на суштината не е спорно дека судовите во глобала се неажурни имајќи предвид дека според податоците судовите работата со половичен капацитет. Секаде работат со пола пополнети места. Меѓутоа, секаде постои недоволно или слабо користење на тонско снимање. Исто така и електронската достава многу влијае на ажурното постапување на сиудовите и решавање на предметите. Потребно ќе биде да се направи една подлабока анализа за овие работи.

За збор се јави Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека има состојба од 50% недостаток на судии, а некаде и повеќе, но има и судови каде воопшто нема судии, а тоа се мали судови. Сето тоа се одразува чекањето на граѓаните во постапувањето на предметите, но веќе сме во завршна фаза за избор на кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители и на некој начин малку ќе се ублажи состојбата. За надминување на ваквата состојба постои и стратегија која ќе помогне во решавањето на овој проблем.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Селим Адеми** и наведе дека традиционално секоја година првиот и третиот квартал се најслаби за судовите односно се неажурни. Иако ваквата состојба е заради бројот на судии, сепак месец Јануари е месец на празници. Исто така при крај и почеток на година инсититуциите ги доставуваат податоците.

За збор се јави Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека бројот на судии се намали и заради измените на Законот за работните односи во 6 месец 2022 година кога се пензионираа голем број на судии, иако имаше најави од Судскиот совет дека сето тоа ќе се одрази врз работата на судовите. Понатаму Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** ги стави на усвојување извештаите за работата на судовите за првиот квартал во 2023 година кои беа презнтирани од страна на Членовите на Советот **Павлина Црвенковска** и **Мери Радевска**. Извештајот од Основен суд Берово дополнително ќе биде разгледуван.

Претседателот на **Советот Сашко Георгиев** предлогот за усвојување на Извештаите за работата на судовите за првиот квартал во 2023 година, освен за Основниот суд Берово кој ќе биде изнесен на некоја наредна седница, го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ се усвоени Извештаите за работата на судовите за првиот квартал во 2023 година, освен за Основен суд Берово.Согласно наведеното, донесена е следната:

**О Д Л У К А**

СЕ УСВОЈУВААТ Извештаите за работата на судовите во РСМ за првиот квартал за 2023 година

**Точка 4**

(Разно)

За збор се јави Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** кој укажа дека согласно член 3 и 4 од Правилникот за проверка на знаење за практична работа со компјуери за лицата кои се избораат за судии потребно е да се формира Комисија за проверка на знаење за практична работа со компјутери од 3-ца членови, и ги предлага: м-р.Миљазим Мустафа – Претседател на комисија, Маја Хаџи-Кимова Трпкова, информатичар од ДКСК – член на комисија и Наташа Однакозова Жабокова, информатичар од АС Скопје – член на комисија. Комисијата е должна да ја провери практичната работа со компјутери за секој од кандидатите за избор на судија од Академијата за судии и јавни обвинители, а резултатите од истото, за секое лице кое се кандидира за судија, Комисијата ќе ги достави до Судскиот совет на РСМ. Согласно изложеното донесена е следната:

**О Д Л У К А**

**СЕ ФОРМИРА КОМИСИЈА** за проверка на знаењето на практичната работа со компјутери, во состав од тројца членови и тоа:

1. **м-р Миљазим Мустафа** – член на Комисијата,
2. **Маја Хаџи-Кимова Трпкова** – член на Комисијата и
3. **Наташа Однакозова Жабакова** – член на Комисијата (информатичар во Апелационен суд Скопје)

Комисијата е должна да изврши проверка на знаењето на практичната работа со компјутери на кандидатите кои се избираат за судии.

За збор се јави Членот на Советот **Мери Радевска** која наведе дека е доставено писмо од Претседателот на Апелациониот суд Штип со кое има доставено предлог за престанување на функција судијата поротник во АС Штип за Кристијан Јованов од с.Теранце по негово барање заради доставено барање до Адвокатска комора за издавање на лиценца заради вршење на адвокатска дејност која е неспојлива со вршење на функцијата судија поротник. Поради тоа се предлага Советот да донесе одлука, согласно 80 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите, бидејќи се исполнети условите, со која истиот ќе се разреши од функцијата судија поротник.

По однос на наведеното Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека Советот со одлука го разрешува Кристијан Јованов судија поротник во АС Штип по сопствено барање.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** која наведе дека за разрешувањето на судијата поротник потребно е да се отвори расправа.

Во врска со наведеното за збор се јави Членот на Советот **м-р.Селим Адеми** кој наведе дека законот предвидува именување и разрешување на судија поротник, а во случајот самиот судија поротник поднесе барање за негово разрешување, така да Советот само констатира престанок на функцијата судија проотник.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** по наведеното отвори дискусија.

За збор се јави Членот на Советот **Мери Радевска** која наведе дека за секоја одлука треба да се гласа. Таков бил случајот и со престанокот на функцијата на судии на кои им бил продолжен манадатот, а овде се констатира престанок на функција без никакво гласање. За секоја одлука на Советот каква и да е треба да се гласа за да се види согласноста на членовите.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека се согласува со колешката, но има состојби по сила на закон, како на пример кога судијата оди во пензија или некое друго право, а Советот да гласа. Во конкретниот случај наведе дека нема пречки да се гласа за разрешувањето на судијата поротник.

За збор се јави Членот на Советот **Весна Дамева** која наведе дека согласно член 12 став 6 од Деловникот за работа на Судскиот совет на РСМ

предвидено е дека за секоја точка од дневниот ред се води расправа и се одлучува со изјаснување на членовите со право на глас присутни на седницата, освен со закон ако не е поинаку определено. Одтука произлегува дека Советот одлуките ги донесува со гласање бидејќи е отворена расправа, а тоа е предвидено во член 13 став 1 од Деловникот.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Селим Адеми** кој наведе дека Советот веќе имал пракса во вакви случаеви. Што ако се работи за смрт на некое лице, во тој случај за што ќе се гласа. Согласно законот кога станува збор за престанок на работен однос поради пензија, смрт или по сопствено барање тогаш само се констатира. Законот кажува терминолошки се именува односно се разрешува.

За збор се јави Членот на Советот **Весна Дамева** која наведе дека заради постоење на дилема најдобро е да се оди по Деловникот.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** истакна дека за да нема дилеми да се оди со гласање. Барањето на судијата поротник Кристијан Јованов за разрешување од функцијата судија поротник по сопствено барање го стави на гласање.По гласањето констатира дека со 8 гласа „За“ и 2 „Против“ усвоен е предлогот и донесена е следната:

**О Д Л У К А**

На **Кристијан Јованов,** избран за судија поротник на Апелационен суд Штип со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија му престанува функцијата судија поротник, по сопствено барање.

Понатаму, на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека е доставено барање во форма на информација од Членот на Советот **Павлина Црвенковска** за изземање од постапување во Комисија за утврдување одговорност за судија, за која треба да е исклучена јавноста.

Процедурално, за збор се јави Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** и наведе дека се работи за барање за изземање од член на комисија и побара да се наведат причините за исклучување на јавноста.

Откако Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека претходно веќе било дискутирано за наведеното и предлогот го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека со 9 гласа „За“ и 1 „Против“ усвоен е предлогот.

Согласно наведеното, Советот донесе одлука со која се исклучува јавноста при расправање и одлучување по барањето за изземање од комисија за утврдување одговорност за судија, поднесено од Членот на Советот **Павлина Црвенковска.**

Со оглед на тоа дека Дневниот ред е исцрпен, Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** ја заклучи седницата.

Седницата заврши во 12:00 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис е составен дел на овој записник.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИОТ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Сашко Георгиев**

___________________________

**Изработил:** Владимир Станковиќ

**Одобрил**: Весна Толева